Врз основа на член 17 став (10) Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010 36/2011, 98/2012 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015 и 30/2016) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седница донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР И НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

(пречистен текст)

(„Службен весник на Република Македонија"бр. 175/2013, 131/2016 и 32/2018)

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката за добивање на одобрение од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата) за избор на член на управен одбор и на надзорен одбор на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови, друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и друштво за управување со доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: пензиско друштво).

## Член 2

При основање на пензиско друштво, основачите доставуваат до Агенцијата список на кандидати за членови на управен и на надзорен одбор на пензиското друштво. Доколку основачите добијат дозвола за основање на пензиско друштво и одобрение за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд, тогаш се смета дека членовите добиле одобрение.

Пензиското друштво доставува до Агенцијата барање со документација за одобрение на избор или реизбор на член на управен или на надзорен одбор, 60 дена пред истекот на мандатот на постојниот член на управен или на надзорен одбор.

## Член 3

Заради добивање на одобрение за избор на член на управен одбор, за предложениот член, пензиското друштво до Агенцијата ги доставува следните документи:

а) Барање за добивање на одобрение за избор;

б) Одлука од надлежен орган на пензиското друштво за избор која стапува на сила по добивање на одобрение од Агенцијата или статутот на друштвото, доколку при основање на пензиското друштво членот се именува со статутот на друштвото. Во одлуката се наведува времетраењето на мандатот за кој се именува предложениот член;

в) Кратка биографија;

г) Фотокопија од документ за лична идентификација;

д) Заверен препис на дипломи за образование. Доколку образованието е стекнато во странство, дипломата треба да е призната како високо образовна квалификација стекната во странство од надлежен орган во Република Македонија:

ѓ) Доказ за претходното работно искуство;

е) Пополнет прашалник пропишан на Образец број 1 од овој правилник „Прашалник за член на управен одбор на пензиско друштво“;

ж) Изјава дадена под морална, материјална и кривична одговорност дека не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија и дејност од областа на правото, банкарството, сметководството, осигурувањето, управување со средства и инвестирање, управување со задолжителни пензиски фондови или финансиски услуги и дека не е осудуван за кривично дело од областа на финансиите и банкарството и предизвикување на стечај на правно лице, заверена на нотар;

з) Изјава дадена под морална материјална и кривична одговорност дека е согласен да ја извршува функцијата доколку добие одобрение и да се повлече од било која функција, доколку таа предизвикува конфликт на интереси согласно закон, заверена на нотар;

ѕ) Препораки од најмалку две лица за квалитетот на професионалниот ангажман во пропишаните области, кои не се поврзани лица со пензиското друштво и не се на раководна позиција во пензиското друштво;

и) Податоци за правното лице (тековна состојба) од регистар за правни лица во кое предложениот член е управител, член на орган на управување или надзор. Податоците треба да бидат со датум не постар од еден месец пред датумот на поднесување на барањето за издавање на одобрение до Агенцијата;

ј) Програма за работење на пензиското друштво и пензиските фондови изработена од предложениот член на управен одбор за периодот на неговиот мандат. Програмата треба да се однесува на неговиот делокруг на работа и треба да биде усогласена со програмите на сите постојни или предложени членови на управниот одбор.

к) За лице кое се предлага за член на управен одбор кој има положено испит за инвестиционен советник или друг соодветен испит од надлежна институција во странство, пензиското друштво доставува:

- Уверение за положен стручен испит за инвестиционо советување издадено од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, или

- Решение за издавање на уверение за инвестиционо советување од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, за признавање на сертификат за инвестиционо советување стекнат во странство и

л) Изјава пропишана на Образец број 3 на овој правилник „ Изјава за вработување “

Заради добивање на одобрение на реизбор на член на управен одбор, пензиското друштво до Агенцијата ги доставува документите од став 1 точите а), б), г) ж), з) и ј) од овој член и извештај на надзорниот одбор на пензиското друштво за оценка на работењето на членот на управниот одбор на пензиското друштво, согласно член 7 став (2) од Правилникот за начинот на добро корпоративно управување на пензиските друштва, за целиот период на неговиот мандат.

**Член 4**

Заради добивање на одобрение за избор на член на надзорен одбор, пензиското друштво до Агенцијата ги доставува следните документи:

а) Барање за добивање на одобрение за избор;

б) Одлука од надлежен орган на пензиското друштво за избор на член надзорен одбор, која стапува на сила по добивање на одобрение од Агенцијата или статутот на друштвото доколку при основање на пензиското друштво членот се именува со статутот

на друштвото. Во одлуката се наведува времетраењето на мандатот за кој се именува предложениот член;

в) Кратка биографија на предложениот член;

г) Фотокопија од документ за лична идентификација на предложениот член;

д) Заверен препис на диплома за образование на предложениот член

ѓ) Доказ за претходното работно искуство на предложениот член;

е) Пополнет прашалник пропишан на Образец број 2 од овој правилник „Прашалник за член на надзорен одбор на пензиско друштво“;

ж) Изјава, од предложениот член, дадена под морална, материјална и кривична одговорност дека не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија и дејност од областа на правото, банкарството, сметководството, осигурувањето, управување со средства и инвестирање, управување со задолжителни пензиски фондови или финансиски услуги и дека не е осудуван за кривично дело од областа на финансиите и банкарството и предизвикување на стечај на правно лице, заверена на нотар;

з) Изјава од предложениот член, заверена на нотар, дадена под морална материјална и кривична одговорност дека е согласен да ја извршува функцијата доколку добие одобрение, и да се повлече од било која функција, доколку таа предизвикува конфликт на интереси согласно закон и

ѕ) Податоци од Централниот регистар за правни лица во кои предложениот член е управител, член на орган на управување или надзор. Податоците треба да бидат со датум не постар од еден месец пред датумот на поднесување на барањето за издавање на одобрение до Агенцијата.

Доколку членот на надзорен одбор се предлага како независен член, покрај документите од став 1 на овој член, пензиското друштво доставува:

а) Потврда дека лицето кое е предложено за независен член на надзорниот одбор:

- немало материјален интерес или деловен однос со пензиското друштвото како деловен партнер или како раководно лице, член на управен одбор или член на надзорен одбор во деловниот партнер на пензиското друштво во, последните пет години;

- не било вработено, не е член на управен одбор или член на надзорен одбор на пензиското друштво во последните пет години;

- не е поврзано лице на пензиското друштво, вработен во поврзано лице на пензиското друштво или застапува поврзано лице на пензиското друштво;

- не е поврзано физичко лице со член на управен одбор или надзорен одбор на пензиското друштво и

- не работело и не работи во друштво за ревизија кое во последните три години вршело надворешна ревизија на работењето на пензиското друштво и

б) Изјава дадена на Образец број 4 од овој правилник „ Изјава на независен член на надзорен одбор на пензиско друштво“.

Заради добивање на одобрение за реизбор на член на надзорен одбор, пензиското друштво до Агенцијата ги доставува документите од став 1 точите а), б), г), ж) и з) на овој член и извештај од спроведена самоевалуација односно оценка на сопственото работење и идентификување на ризиците и слабостите во своето работење согласно 7 став (1) од Правилникот за начинот на добро корпоративно управување на пензиските друштва, за целиот период на мандатот.

**Член 5**

Барањето, заедно со документите наведени во член 3 и 4 на овој правилник, се доставува во оригинал или заверен препис на македонски јазик. Доколку документите не се на македонски јазик, се доставуваат во нивниот оригинал и со заверен превод на македонски јазик од постојан судски преведувач во Република Македонија.

Доколку документацијата е непотполна или неуредна, Агенцијата определува дополнителен рок во кој е потребно да се достави документацијата. Доколку пензиското друштво не ја дополни документацијата или не ги отстрани недостатоците во предвидениот рок, се смета дека се откажало од барањето, а Агенцијата донесува заклучок со кој се запира поведената постапка.

Агенцијата може да побара пензиското друштво да достави дополнителна документација во рокови кои ќе ги определи, за потребите на издавање на одобрението.

**Член 6**

По комплетирање на целокупната документација Советот на експерти на Агенцијата може да спроведе интервју со предложениот кандидат за член на управен или на надзорен одбор заради оценка на:

-разбирањето на неговите одговорности и надлежности;

– неговата управувачка и оперативна компетентност;

- за член на управен одбор - начинот на спроведување на програмата за работа на пензиското друштво и пензиските фондови;
- за член на надзорен одбор - начинот на надзор на спроведувањето на програмата за работа на пензиското друштво и пензиските фондови и

- познавање на прописите од областа на капитално финансирано пензиско осигурување, како и други прописи од областа на финансиите кои се од значење за работењето на пензиското друштво и пензиските фондови.

**Член 7**

Агенцијата одлучува за барањата и документите од член 3, 4 и 5 на овој правилник за период од 60 дена од датумот на приемот на целокупната документација.

Врз основа на оценката за исполнувањето на условите од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и/или Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и од овој правилник Советот на експерти на Агенцијата донесува решение за издавање одобрение за изборот на предложениот кандидат за член на управен одбор или надзорен одбор, решение со кое ќе го одбие барањето **илизаклучокзазапирањенапостапката**

**Член 8**

По добивање на одобрението за избор на предложеното лице за член на управен или надзорен одбор на пензиско друштво, пензиското друштво доставува:

- заверена копија од решение за извршен упис на лицето во Централниот регистар на Република Македонија, во рок од 10 дена по извршениот упис и

- за член на управен одбор доказ дека лицето засновало работен однос во пензиското друштво.

**Член 9**

Доколку надзорниот одбор на пензиското друштво од своите редови именува вршител на должноста член на управен одбор, пензиското друштво доставува барање за добивање на одобрение со одлука од надзорниот одбор која стапува на сила по добивање на одобрение од Агенцијата. Исто така, пензиското друштво доставува програма за работење на пензиското друштво и пензиските фондови изработена од предложениот член на управен одбор за неговиот делокруг на работа.

Советот на експерти на Агенцијата може да спроведе интервју, согласно член 6 на овој правилник, со предложениот кандидат за вршител на должноста член на управен одбор.

Советот на експерти на Агенцијата донесува решение за одобрение на именувањето од став 1 на овој член, кое не може да биде подолго од шест месеци од денот на издавањето на одобрението или решение за одбивање на барањето.

По конечноста на решението за одобрение од став 2 на овој член пензиското друштво поднесува барање до Централниот регистар за упис на вршителот на должност член на управен одбор.

По добивање на одобрението за именување на вршител на должноста член на управен одбор, пензиското друштво доставува до Агенцијата заверена копија од решението за извршен упис на вршителот на должноста член на управен одбор во Централниот регистар на Република Македонија, во рок од 5 дена од извршениот упис.

**Член 10**

Секој член на управен одбор на пензиското друштво годишно доставува до Агенцијата изјава пропишана на Образец број 5 на овој правилник „ Изјава за исполнување на условите за член на управен одбор „ заверена на нотар.

Член 10-а

Документите од член 3 и 4 од овој правилник, доставени од пензиско друштво кои содржат лични податоци , Агенцијата ги уништува во следните рокови:

а) 30 дена по истекот на мандатот на членот на управен и/или надзорен одбор доколку е дадено одобрение за избор на член на управен и/или надзорен одбор на пензиско друштво.

б) 30 дена од денот на правосилноста на решението на Агенцијата со кое се одбива барањето на пензиското друштво за одобрение на изборот на член на управен и/или надзорен одбор на пензиско друштво.

**Член 11**

Со влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилник за начинот и постапката за избор на член на управен одбор и на надзорен одбор на пензиско друштво („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 154/2010 од 30.11.2010 и бр. 11/2011 од 31.01.2011)

**Член 12**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

**Член 13**

(член 2 **од** Службен весник на Република Македонија 32/2018)

Овој правилник влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Претседател на Совет на експерти

д-р Булент Дервиши с.р

**Образец 1**

**Прашалник за член на управен одбор на пензиско друштво**

1. **Лични податоци**

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Адреса | |
| Датум и место на раѓање | |
| Државјанство | |
| Телефон и електронска адреса за контакт | |

2. Дали сте акционер, сопственик, сосопственик или содружник во правно лице? Доколку одговорот е потврден, пополнете ги следните две табели,
Да _______ Не _________

| Назив и седиште на правното лице во кое предложениот член има дел од основната главнина и/или од акциите со право на глас | Процент од основната главнина и/или од акциите со право на глас |
|---|---|
| | |

| | |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

3. Дали сте член на орган на надзор или управување во правно лице? Доколку одговорот е потврден, пополнете ги следните две табели.
Да _______ Не _________

| Назив и седиште на правното лице | Орган на управување или надзорен орган |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

4. Дали во последните три години сте имале каков било материјален интерес или деловен однос со пензиското друштво во кој сте предложен за член на управен одбор? Ако одговорот е потврден, наведете повеќе детали за видот и износот на материјалниот интерес или видот на деловниот однос.
Да _______ Не _________

5. Дали врз правните лица во кои сте вршеле функција на лице со посебни права и одговорности, била отворена стечајна или ликвидациска постапка? Доколку одговорот е потврден, наведете подетални податоци околу вашите активности во тоа правно лице.
Да _______ Не _________

6. Дали против вас е донесена правосилна судска пресуда со која е утврдена ваша одговорност за отворената стечајна или ликвидациска постапка?
Да _______ Не _________

7. Дали од страна на надлежниот супервизорски орган биле преземени мерки кон институција во која сте остварувале контрола или сте биле член на орган на надзор или управување или на кој било друг начин сте влијаеле врз управувањето и донесувањето на политиките и финансиските и деловните одлуки? Доколку одговорот е потврден, наведете ги мерките и сите детали поврзани со нивното спроведување.

Да _______ Не _________

8. Дали сте поврзано лице со другите членови на управниот одбор или на надзорниот одбор на пензиското друштво? Доколку одговорот е потврден, наведете на кој начин.

Да _______ Не _________

9. Дали, некогаш, надлежен орган за супервизија на финансиски институции вршел оценка на вашата репутација при барање согласност за станување член на орган на надзор или управување? Ако одговорот е потврден, наведете ги сите детали.
Да _______ Не _________

| Назив на надлежниот супервизорски орган | Вид на побарана согласност/дозвола | Дали согласноста е добиена и други детали |
|---|---|---|
| | | |
| | | |

10. Дали, некогаш, надлежниот орган за супервизија на финансиски институции ви одзел согласност за акционер или учество во основната главнина финансиска институција или ви одзел согласност за станување член на орган на надзор или управување? Ако одговорот е потврден, наведете ги сите детали.
Да _______ Не _________

11. Дали, некогаш, сте биле отповикани или од вас било побарано да се повлечете од вршење некоја функција во друго правно лице? Ако одговорот е потврден, наведете ги сите детали.
Да _______ Не _________

12. Дали е предвидена поделба на областите на одговорност на членовите на управниот одбор на пензиското друштво? Ако е, за која област ќе бидете одговорни?
Да _______ Не _________

13. Сметате ли дека постојат други факти или околности кои би можеле да бидат важни при оценка на вашата способност за станување член на управен одбор на пензиското друштво ?
Да _______ Не _________

Јас ______________________________________________ (име и презиме), под целосна морална, материјална и кривична одговорност, **изјавувам** дека информациите содржани во овој Прашалник, како и целата документација која ја доставувам во рамките на барањето за издавање согласност за член на управен одбор на ______________________ (назив на пензиското друштво), се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи.

Место и датум                                                    Потпис

____________________                                    ____________________________

***Забелешка:** Доколку при одговарање на наведените прашања недостасува простор на образецот може да се користи дополнителна страна.

**Образец 2**

**Прашалник за член на надзорен одбор**
**на пензиско друштво**

1. **Лични податоци**

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Адреса | |
| Датум и место на раѓање | |
| Државјанство | |
| Телефон и електронска адреса за контакт | |

2. Дали сте  акционер, сопственик, сосопственик или содружник во правно лице? Доколку одговорот е потврден, пополнете ги  следните табели.
Да _______ Не _________

| Назив и седиште на правното лице во кое предложениот член има дел од основната главнината и/или од акциите со право на глас | Процент од основната главнина и/или од акциите со право на глас |
|---|---|
| | |

| | |
|---|---|
| | |
| | |

3. Дали сте член на орган на надзор или управување во правно лице? Доколку одговорот е потврден, пополнете ги следните табели.

Да _______ Не _________

| Назив и седиште на правното лице | Орган на управување или надзорен орган |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

4. Дали на кој било друг начин, освен начините од точките 2 и 3 на овој прашалник, остварувате влијание врз управувањето и донесувањето на политиките и финансиските и деловните одлуки на правно лице? Наведете ги тие правни лица.

Да _______ Не _________

| Назив и седиште на правното лице | Начин на остварување влијание |
|---|---|
| | |
| | |

5. Дали во последните три години сте имале каков било материјален интерес или деловен однос со пензиското друштво во кое сте предложен за член на надзорен одбор? Ако одговорот е потврден, наведете повеќе детали за видот и износот на материјалниот интерес или видот на деловниот однос.

Да _______ Не _________

6. Доколку сте претставник на акционер на пензиското друштво, кој акционер или кои акционери на пензиското друштво ќе го/ги претставувате во надзорниот одбор? На кој начин сте поврзани со акционерот/акционерите?

Да _______ Не _________

7. Дали сте поврзано лице со другите членови на надзорниот одбор или со членовите на управниот одбор на пензиското друштво? Ако одговорот е потврден, наведете со кои членови и на кој начин сте поврзани.

Да _______ Не _________

8. Дали врз правните лица во кои сте вршеле функција на лице со посебни права и одговорности, била отворена стечајна или ликвидациска постапка? Доколку одговорот е потврден, наведете подетални податоци околу вашите активности во тоа правно лице.
Да _______ Не _________

9. Дали против вас е донесена правосилна судска одлука со која е утврдена ваша одговорност за отворената стечајна или ликвидациска постапка? Доколку одговорот е потврден, наведете ги сите детали поврзани со судската пресуда.
Да _______ Не _________

10. Дали од страна на надлежниот супервизорски орган биле преземени мерки кон правното лице во кое сте остварувале контрола или сте биле член на орган на надзор или управување или на кој било друг начин сте влијаеле врз управувањето и донесувањето на политиките и финансиските и деловните одлуки? Доколку одговорот е потврден, наведете ги мерките и сите детали поврзани со нивното спроведување.
Да _______ Не _________

11. Дали, некогаш, надлежен орган за супервизија на финансиски институции вршел оценка на вашата репутација при барање согласност за станување член на орган на надзор или управување? Ако одговорот е потврден, наведете ги сите детали.
Да _______ Не _________

| Назив на надлежниот супервизорски орган | Вид на побарана согласност/дозвола | Дали согласноста е добиена и други детали |
|---|---|---|
| | | |
| | | |

12. Дали, некогаш, надлежниот орган за супервизија на финансиски институции ви одзел согласност за акционер или согласност да бидете член на орган на надзор или управување? Ако одговорот е потврден, наведете ги сите детали.
Да _______ Не _________

Јас ______________________________________________ (име и презиме), под целосна морална, материјална и кривична одговорност **изјавувам** дека информациите содржани во овој Прашалник, како и целата документација која ја доставувам во рамките на барањето за издавање одобрение за член на надзорен одбор на ____________________ (назив на пензиското друштво), се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи.

Место и датум　　　　　　　　　　　　　　　Потпис

_______________________ ________________________________

***Забелешка**: Доколку при одговарање на наведените прашања недостасува простор на образецот може да се користи дополнителна страна.

**Образец 3**

ИЗЈАВА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Јас _______________________________________________________________

**(име и презиме и ЕМБГ)**

_______________________________________________________________________________

**( адреса на живеење)**

под морална, материјална и кривична одговорност, **изјавувам** дека по добивање на одобрение за член на управен одбор, од страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, ќе склучам договор за вработување со _______________________________________________________________________________.

(назив на друштвото)

Датум Потпис

_________________________ ____________________

**Образец 4**

**ИЗЈАВА**
**на независен член на надзорен одбор**

Јас ___________________________________________________________________________

**(име и презиме и ЕМБГ)**

_____________________________________________________________________________

**( адреса на живеење)**

под морална, материјална и кривична одговорност, **изјавувам** дека ги исполнувам условите од закон кои се однесуваат за независен член на надзорен одбор и дека функцијата независен член на надзорен одбор ќе ја извршувам совесно, непристрасно, објективно и секогаш во најдобар интерес на членовите на пензиските фондови.

Датум Потпис

_________________________ ____________________

**Образец 5**

**ИЗЈАВА**
**за исполнување на условите за член на управен одбор**

Јас ______________________________________________________________
**(име и презиме и ЕМБГ)**

______________________________________________________________
**( адреса на живеење)**

под морална, материјална и кривична одговорност, **изјавувам** дека ги исполнувам условите од закон кои се однесуваат за член на управен одбор, под кои ми беше издадено одобрение од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.

Датум Потпис

________________________ ____________________